Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 28.06. 2019 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на триесет и петтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Триесет и петтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 05.07. 2019 година (петок) со почеток во 18:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од триесет и третата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 19.06. 2019 година;

-Усвојување на Записник од триесет и четвртата итна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 26.06. 2019 година;

1.Предлог - Одлука за усвојување на Проценка на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности;

2.Предлог – Решение за именување на член во Управниот одбор во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка ,, Рахилка Гонева,, во Свети Николе како претставник на Министесрвото за труд и социјална политика;

3.Предлог - -Решение за разрешување и именување на член во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе како претставник од Општина Свети Николе

4.Предлог – Решение за разрешување и именување на член - претставник од Општина Свети Николе во Управниот одбор на УО ,,Народен музеј,, – Свети Николе;

5.Предлог – Решение за именување на член од редот на вработените во Управниот одбор на ОУ Народен Музеј Свети Николе;

6.Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за усвојување на Правилникот за измена и дополна на Правилникот за систематизација на работните места во ОУ Народен Музеј Свети Николе;

7.Годишен план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Даме Груев,, с. Ерџелија;

8.Годишен план за вработување за 2020 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;

9.Предлог - Одлука за донесување на Статут на ООУ ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе;

10. Годишен план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе;

11.Барање парична помош од лицето Слободан Голубов;

**Бр. 0801- 501**
**28.06.2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**
______________